**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03 - 340
11.06 **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2599/1 од 29.05.2018 година, согласно Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт бр.01-2265/1 од 03.05.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неспроведување најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела, од страна на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 147 став 1 точка 14 од истиот Закон, на начин што Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје во текот на една недела, односно во периодот од 23 април до 29 април 2018 година, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата за радио емитување бр.08-75 од 05.01.2015 година, односно исполнуваше 30% од програмскиот концепт за кој му е доделена дозволата за радио емитување, што е спротивно на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Констатациите од неделниот надзор, согласно критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт бр.01-2265/1 од 03.05.2018 година, прикажани се во табеларниот преглед од став 2 од оваа точка.

| **Критериуми за надзор** | **можни бодови** | **доделени бодови** | **% од концептот** |
|---|---|---|---|
| Формат | 45 | / | / |
| Јазик | 25 | 25 | 25% |
| Сопствена програма | 5 | 5 | 5% |
| Информации и други содржини од значење за подрачјето | 25 | / | / |
| **Вкупно** | **100** | **30** | **30%** |

Повредата од став 1 и став 2 од оваа точка, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2599/1 од 29.05.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 29 мај 2018 година, по службена должност изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 23 април до 29 април 2018 година, при што беше констатирано прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој пропишува дека радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела.

Имено, радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата, односно само формално го исполнуваше форматот на програмскиот сервис (говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции), без реален дневен или актуелен новинарски ангажман во програмите со информативна функција, речиси вкупно емитуваната програма беше составена од реприза на претходно емитувани програми и не емитуваше програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис – на регионално ниво, во Скопје.

Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје во програмскиот концепт, кој е составен дел на дозволата за радио емитување бр.08-75 од 05.01.2015 година се обврзало: да биде говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик, застапеноста на сопствената програма на неделно ниво да биде 29 часа и застапеноста на информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува радио сервисот во текот на неделата да биде 3 часа и 30 минути, од кои по 1 час и 30 минути програми со информативна и со забавна функција и 30 минути програми што исполнуваат образовна функција.

Според Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, критериуми за надзор на програмскиот концепт на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје и начинот на кои тие се вреднуваат, се следните:

форматот на сервисот - 45%, јазикот на емитување на програмата - 25%, застапеноста на сопствена програма на неделно ниво - 5% и застапеноста на информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува радио сервисот - 25%.

Согласно член 9 од Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија" бр.172/2014), форматите за овој вид радио програмски сервиси се определуваат врз основа на два критериума, и тоа: според застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација и според структурата на говорните содржини по вид аудио програми и медиумски функции (информативна, забавна и образовна) што тие ги исполнуваат.

Согласно член 10 од Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, застапеноста на говорните содржини во вкупно емитуваната програма во текот на една седмица кај говорно – музичко радио треба да биде над 15% до 25%, а согласно член 11 од истиот Правилник, говорно–музичките радија од општ формат мора да содржат најмалку 3 (три) од видовите аудио програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, при што видовите програми мора да исполнуваат најмалку две или претежно една медиумска функција. Исто така, согласно член 14 од напред цитираниот Правилник, кај говорно-музичките радија од општ формат, кај кои говорните содржини од програмата исполнуваат најмалку две медиумски функции, ниту една медиумска функција не смее да биде застапена со повеќе од 50% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, во програмскиот концепт за кој му е доделена дозвола за радио емитување бр.08-75 од 05.01.2015 година пријавило дека застапеноста на говорните содржини во вкупно емитуваната програма во текот на една седмица ќе биде 23,72%, дека ќе емитува 9 вида аудиопрограми и дека структурата на говорниот дел од неделната програма според медиумските функции ќе биде: 48,65% - застапеност на аудиопрограми со информативна функција, 6,76% - застапеност на аудиопрограми со образовна функција и 44,59% - застапеност на аудиопрограми со забавна функција.

Извршениот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје емитуван во неделата од 23 април до 29 април 2018 година, покажа дека говорните, новинарски осмислени целини, беа застапени со 27,17% во неделната програма, преку 7 аудиопрограми, различни по жанр и со следнава структура според програмската функција што ја исполнуваат, и тоа: 49,49% - застапеност на аудиопрограми со информативна функција, 9,95% - застапеност на аудиопрограми со образовна функција и 40,56% - застапеност на аудиопрограми со забавна функција.

Меѓутоа, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје само формално, се придржуваше до програмскиот формат што е доминантен дел/елемент од целината - програмски концепт. Речиси вкупно емитуваната програма беше составена од репризи на претходно емитувани програми, без реален дневен или актуелен новинарски ангажман во програмите со информативна функција, односно новинарски осмислените целини со информативна програмска функција, емитувани во неделата од 23 до 29 април 2018 година, беа нефункционални од примарниот аспект на актуелноста, бидејќи во нив немаше дневен новинарски ангажман, евидентно и според повеќепати репризираната содржина и според податоците од одјавните шпици за тие емисии (на пример, кај т.н. „Бизнис флеш-вести", во одјавната шпица беше декларирано дека истите биле произведени минатата 2017 година - „производство 26 јули 2017 година").

Во врска со тоа, согласно со точката 16 од Главата IV – „Начин на оценување" од Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, не се доделени бодови за критериумот (исполнување) - формат.

Во однос на другите критериуми за надзор на обврската од член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје говорниот дел од програмата го емитуваше на македонски јазик, оттаму доделени се 25 бодови за критериумот – јазик на емитување. Застапеноста на сопствената програма во анализираната недела беше 43 часа 3 минути и 5 секунди, многу повеќе од пријавеното во програмскиот концепт, па затоа се доделени 5 бода за критериумот – застапеност на

сопствена програма. Исто така, констатирано беше дека радиодифузерот воопшто не емитуваше програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис, во случајов на регионално ниво, на подрачјето на Скопје. Затоа не се доделени бодови за критериумот информации и други содржини од значење за подрачјето.

Програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, согласно наодите од неделниот надзор, а имајќи ги предвид критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, наместо најмалку 80% во текот на една недела, исполнуваше 30% од програмскиот концепт за кој му е доделена дозволата за радио емитување, што е спротивно на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2599/1 од 29.05.2018 година, поради констатирано непочитување на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое се опоменува Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-2599/1 од 29.05.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, Одговорен уредник;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 29.05.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2599 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 23 до 29 април 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 мај 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*)

   - **Упатство за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт** (Бр. 01-2265/1 од 03.05.2018 г.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор реализиран по службена должност врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 23 до 29 април 2018 година, на регионално ниво, на подрачјето на Скопје, **констатирано е прекршување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела).*

Еднонеделната анализа на вкупно емитуваната програма спроведена во седмицата од 23 до 29 април 2018 година, покажа дека радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата, односно: само формално го исполнуваше форматот на програмскиот сервис (говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции); без реален дневен или актуелен новинарски ангажман во програмите со информативна функција; речиси вкупно емитуваната програма беше

составена од репризи на претходно емитувани програми; и не емитуваше програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис – на регионално ниво, во Скопје.

Во програмскиот концепт, составен дел на дозволата за радио емитување, издадена на 5 јануари 2015 година, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје се обврзало:

- да биде говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции;
- говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик;
- застапеноста на сопствената програма на неделно ниво да биде 29 часа; и
- застапеноста на информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува радио сервисот во текот на неделата да биде 3 часа и 30 минути, од кои по 1 час и 30 минути програми со информативна и со забавна функција и 30 минути програми што исполнуваат образовна функција.

Според Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, ова се и критериумите за надзор на програмскиот концепт на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, што се вреднуваат на следниов начин: форматот на сервисот - 45%, јазикот на емитување на програмата - 25%, застапеноста на сопствена програма на неделно ниво - 5% и застапеноста на информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува радио сервисот - 25%.

Форматите за овој вид радиски програмски сервиси согласно Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите (Службен весник бр. 172/2014), се определуваат според два критериума: (1) според застапеноста на говорните содржини во вкупната емитувана програма во текот на една седмица, без времето одвоено за содржините што не подлежат на класификација[1]; и (2) според структурата на говорните содржини по вид аудио програми и медиумски функции (информативна, забавна и образовна) што тие ги исполнуваат (член 9 од Правилникот).

Застапеноста на говорните содржини во вкупно емитуваната програма во текот на една седмица кај говорно – музичко радио треба да биде над 15% до 25% (член 10 од Правилникот).

Говорно–музичките радија од општ формат мора да содржат најмалку 3 (три) од видовите аудио програми утврдени во Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, при што видовите програми мора да исполнуваат најмалку две или претежно една медиумска функција (член 11 од Правилникот).

[1] *Според точка 17 од Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми (Службен весник бр. 171/2014) на класификација не подлежат: аудио комерцијални комуникации, објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми, соопштенија од јавен интерес, апели за добротворни цели, интермецо, верски служби и проповеди, најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо.*

Кај говорно-музичките радија од општ формат, кај кои говорните содржини од програмата исполнуваат најмалку две медиумски функции, ниту една медиумска функција не смее да биде застапена со повеќе од 50% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица (член 14 од Правилникот).

Во програмскиот концепт за кој му е доделена дозвола за работа, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје пријавило дека:

- застапеноста на говорните содржини во вкупно емитуваната програма во текот на една седмица ќе биде 23,72%;
- ќе емитува 9 вида аудиопрограми[2] и дека структурата на говорниот дел од неделната програма според медиумските функции ќе биде:

  - 48,65% - застапеност на аудиопрограми со информативна функција;
  - 6,76% - застапеност на аудиопрограми со образовна функција;
  - 44,59% - застапеност на аудиопрограми со забавна функција.

Надзорот врз програмскиот сервис емитуван во неделата од 23 до 29 април 2018 година, покажа дека говорните, новинарски осмислени целини, беа застапени со 27,17% во неделната програма[3], преку 7 аудиопрограми, различни по жанр и со следнава структура според програмската функција што ја исполнуваат:

- 49,49% - застапеност на аудиопрограми со информативна функција;
- 9,95% - застапеност на аудиопрограми со образовна функција;
- 40,56% - застапеност на аудиопрограми со забавна функција.

Меѓутоа, радиодифузерот само формално, се придржуваше до програмскиот формат што е доминантен дел/елемент од целината - програмски концепт. Речиси вкупно емитуваната програма беше составена од репризи на претходно емитувани програми, без реален дневен или актуелен новинарски ангажман во програмите со информативна функција. Односно, новинарски осмислените целини со информативна програмска функција, емитувани во неделата од 23 до 29 април 2018 година, беа нефункционални од примарниот аспект на – актуелноста, бидејќи во нив немаше дневен новинарски ангажман, евидентно и според повеќепати репризираната содржина и според податоците од одјавните шпици за тие емисии (на пример, кај т.н. „*Бизнис флеш-вести*“, во одјавната шпица беше декларирано дека се произведени минатата 2017 година - „*производство 26 јули 2017 година*“).

Оттаму, во согласност со точката 16 од Главата IV – „Начин на оценување“ од Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, не се доделени бодови за критериумот (исполнување) - формат.

- *Нема да се доделуваат бодови за критериумот формат и доколку неделната анализа на вкупноемитуваната програма покаже дека радиодифузерот само*

[2] *Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми.*
[3] *Максималниот процент говор кај говорно-музичките радија треба да биде до 25% во текот на една недела, но во случајов е направена минимална отстапка бидејќи при мониторингот е забележан технички прекин од 7 часа 29 минути и 54 секунди во снимениот материјал од 24 април, а таков прекин има потенцијал да го смени процентуалниот соодное говор-музика врз основа на кој примарно се одредува форматот на радиото.*

*формално го исполнува форматот, без реален дневен или актуелен новинарски ангажман во најмалку половина од програмите со информативна функција.*

Што се однесува до другите критериуми за надзор:

- Говорниот дел од програмата го емитуваше на македонски јазик, оттаму доделени се 25 бодови за критериумот – јазик на емитување;
- Застапеноста на сопствената програма во анализираната недела беше 43 часа 3 минути и 5 секунди, многу повеќе од пријавеното во програмскиот концепт и затоа се доделени 5 бода за критериумот – застапеност на сопствена програма. Иако, останува забелешката дека сопствената програма беше составена од повеќепати репризирана содржина;
- Радиодифузерот воопшто не емитуваше програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето каде што се емитува програмскиот сервис, во случајов на регионално ниво, на подрачјето на Скопје. Затоа не се доделени бодови за критериумот информации и други содржини од значење за подрачјето.

Според наодите од неделниот надзор, а имајќи ги предвид критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, наместо најмалку 80% во текот на една недела, исполнуваше 30% од програмскиот концепт за кој му е доделена дозволата за радио емитување, што е спротивно на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

| **Критериуми за надзор** | **можни бодови** | **доделени бодови** | **% од концептот** |
|---|---|---|---|
| Формат | 45 | / | / |
| Јазик | 25 | 25 | 25% |
| Сопствена програма | 5 | 5 | 5% |
| Информации и други содржини од значење за подрачјето | 25 | / | / |
| **Вкупно** | **100** | **30** | **30%** |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во неделата од 23 до 29 април 2018 година, радискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата.

## 9. Предлог мерка:

Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

Да се изврши контролен надзор за почитувањето на членот 67 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***